Australian Macedonian
# TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1979 20 SEPTEMBER 2024 FREE



## ПАД НА ВРЕДНОСТА НА ЈАГЛЕНОТ И ЖЕЛЕЗОТО:
# МИЛИЈАРДИ ИСЧЕЗНАА ОД БУЏЕТОТ НА КОМОНВЕЛТОТ



## КАЗНИ ЗА ИНТЕРНЕТ ПЛАТФОРМИТЕ ДОКОЛКУ НЕ УСПЕАТ ДА ГО СПРЕЧАТ ШИРЕЊЕТО НА ЛАЖНИ ВЕСТИ



# ЛЕВИЦА ЌЕ ПОДНЕСЕ КРИВИЧНА ПРОТИВ ГАШИ ЗА ЗАКОНОТ ЗА БРАНИТЕЛИ



FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

Ама што збориш?

# „Јабучарот“ не е автохтона сорта домати од времето на Александар Македонски!?



Екипата на „Вистиномер.мк“ - проект чија задача е да лови лажни вести што се шират преку медиумите - овојпат се надмина себеси. Случајно налетале на оглас на социјалните мрежи преку кој се нуди бесплатно семе за домати од сортата јабучар. Арно ама, како за беља, авторот на огласот напишал дека оваа сорта потекнува уште од времето на Александар Македонски.

И ете ти проблем!

Od Vremeto na Aleksandar Makedonski ,avtohtona sorta
„Jabucar„,Makedonska.semeto ne go naplakam samo da se Siri se poveke.

Тимот на стручни лица во „Вистиномер“ веднаш да ти се фрли на истражување и анализирање за да ги спаси читателите од заблудата која им се сервира. Па, еве им го заклучокот:

„Во објава на Фејсбук се нуди бесплатно семе за домат, што е во ред, но притоа се наведуваат неточни историски податоци во врска со тоа растение. Во времето на Александар Македонски (4 век п.н.е.), домати немало никаде, освен во Америка. Тие биле донесени оттаму по нејзиното откривање од страна на Европејците околу 18 и пол векови (речиси 2 милениуми) по Александар Македонски. Се смета дека доматот дошол во Средна Америка од западниот дел на Јужна Америка, односно од денешните Перу, Еквадор или северниот дел на Чиле, а Шпанците најпосле го пренеле во Европа.

Неговиот назив потекнува од ацтечкиот јазик наватл (nahuatl). Таму имало две меѓусебно слични растенија: ***шитомат*** (тоа е црвениот домат) и ***томат*** (зелен плод со лушпа, сега познат како томатило). Шпанците направиле збрка меѓу овие плодови, па оној црвениот бил завикан томат и тоа останало.

Од Америка биле донесени и пиперките, гравот, тиквата, компирот, пченката и тутунот.“

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## Косово за три години купило вооружување во вредност од A$415 милиони



Министерот за одбрана на Косово, Ејуп Маќедонци кажа дека актуелната влада во изминатите три години купила вооружување во вредност од A$415 милиони (249 милиони евра). Во оваа сума не е вклучен буџетот за косовските вооружени сили за 2024 година.

- Набавките се според концептот на купување држава со држава. Значи се вршени во соработка со релевантните министерства на земјите од НАТО со кои договаравме набавка, а се според стандардите на НАТО, бидејќи ние сме јасно ориентирани кон членство во Алијансата и во ЕУ, рече тој за ТВ “Клан К“.

Ејуп Маќедонци (1977, Приштина) е полковник на Безбедносните сили на Косово, учесник во УЧК од 1998.

Access over 60 lenders in one place
Loan Market Bundoora
COMMERCIAL LOANS
RESIDENTIAL LOANS
INVESTMENT LOANS
DEVELOPMENT LOANS
BUSINESS LOANS
REFINANCING
Stefan Belevski
0400 101 292
stefan.belevski@loanmarket.com.au
Jim Belevski
0419 547 347
jim.belevski@loanmarket.com.au
9467 8887
Suite 1, 20 Enterprise Drive, Bundoora Vic 3083



LOVE & CO
LOVE REAL ESTATE
При продавање и купување на недвижности
во северните предградија на Мелбурн:
од Норткот до Витлси и Волерт, за да добиете
најдобар резултат во секое време зборувајте со
ILIA MENKINOSKI
0417 528 100
ilia.m@lovere.com.au
Love Real Estate Thomastown
201 High Street, Thomastown
www.loverealestate.com.au 9465 2133



# СЕДУМ ИНВЕСТИЦИИ ЌЕ ЈА „ОЖИВЕАТ“ МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ОВАА ГОДИНА

- Со вкупно седум нови странски инвестиции оваа година ќе се отворат нови работни места и ќе се овозможи подобар и поквалитетен животен стандард – истакна премиерот Христијан Мицковски по средбата во Скопје со Антје Ванделт, директорка на Германската стопанска комора (АХК).

Странските инвестиции играат значајна улога во подигање на економскиот раст, особено за малите и отворени земји како Македонија. Тие имаат позитивен импакт врз вработеноста, секторската и извозната диверзификација, воведувањето напредна технологија, зголемувањето на конкурентноста и креирањето човечки капитал.

Премиерот додаде дека во наредниот период се подготвуваат уште три нови инвестиции (прва е белгиско—германска фабрика) ќе бидат вкупно седум за 2024 година.

Првите индикатори во економијата за јули и август покажале поголемото индустриско производство, со големо учество на преработувачката индустрија.

– Охрабрува 3.8 - 4% раст по неколкумесечниот пад, којшто беше посебно жесток во месеците април, мај, јуни. Сега конечно имаме позитива и очекувам во месец август и во следните месеци до крајот на годината да имаме позитивни резултати за индустриското производство. Во вториот квартал БДП е 2.3% и е над очекувањата што беа поставени од многу меѓународни финансиски институции – кажа Мицкоски.




## Извозот за Германија расте, но благодарение на германските инвеститори во земјата

Извозот на производи за Германија расте, но благодарение на германските инвеститори во земјата. Десетина години овој тренд бележи нагорна линија. Се извезува претежно делови за автомобилска индустрија, седишта за автобуси, за возови, медицинска опрема, специјални бакарни кабли.

- Огромна е трговската размена помеѓу двете држави, таа надминува 5 милијарди евра. Од статистиката и информациите со кои јас располагам повеќе од 25 илјади македонски граѓани се вработени во компании што доаѓаат од Сојузна Република Германија и очекувам тој број да расте, рече Мицкоски.

Од Германската стопанска комора порачаа дека има и квалитетни македонски компании кои можат да станат добавувачи за германскиот пазар.А за да се постигнат зацртаните цели треба да се надминат одредени предизвици, пред се заминувањето на стручни кадри од Македонија во западно-европските земји.





### АЛБАНЕЗЕ:

# „X“ има општествена одговорност



Прајминистерот на *Австралија*, **Ентони Албанезе** ги отфрли тврдењата на **Елон Маск** дека неговата Влада е „фашистичка“ и го повика американскиот милијардер да признае дека *„X“* „има општествена одговорност“.

– *Ако господинот Маск не разбира, тоа зборува повеќе за него отколку за мојата Влада,* изјави **Албанезе**. Неговата изјава уследи откако **Маск** го коментираше новиот австралиски закон за борба против лажните вести кои се шират на социјалните мрежи, поради што социјалните мрежи би можеле да бидат казнети во износ од пет проценти од својот годишен приход.

– *Фашисти*, објави **Маск** на *„X“* коментирајќи го новиот австралиски закон против лажните вести.

**Маск** минатата година неколку пати се судри со австралиската Влада, вклучително и барањата на *Канбера* од *„X“* да се отстранат снимките од прободувањето на бискуп во *Сиднеј*.

Во април, комесарот за е-безбедност му нареди на *„X“* да ја отстрани содржината и поведе постапка пред федералниот суд за отстранување на материјалот. Во јуни, комесарот за е-безбедност ја суспендираше постапката, но во октомври се очекува да се расправа за посебен административен апелациски суд за ова прашање.

**Маск** ја обвини австралиската Влада дека ја задушува слободата на говорот.

**Албанезе** претходно **Маск** го нарече *„арогантен милијардер кој мисли дека е над законот“.*

# Побарана меѓународна помош да се фати мажот што истури врело кафе врз бебе



***Осомничениот избегал шест дена по инцидентот и само 12 часа пред властите да го потврдат неговиот идентитет***

Австралиската полиција побара меѓународна помош за да се фати маж кој избегал од земјата откако истури врело кафе врз бебе во *Бризбејн*.

Нападот кој ја шокираше нацијата се случи на 31 август и го остави деветмесечното машко бебе со сериозни изгореници на лицето и екстремитетите. Полицијата на *Квинсленд* издаде налог за апсење за 33-годишен маж, кој се соочува со обвиненија за кои може да добие доживотен затвор. За него се вели дека е странски работник кој повеќепати патувал во *Австралија* од 2019. Објавено е дека осомничениот избегал од земјата шест дена по инцидентот и само 12 часа пред властите да успеат да го потврдат неговиот идентитет. Бебето било на пикник со родителите во парк, кога, како што кажаа очевидците, *„им се приближил чуден човек, истурил кафе врз бебето и избегал“*. Бебето веднаш примило прва помош, но се здобило со сериозни повреди и веќе е оперирано неколкупати. Родителите велат дека заздравувањето ќе трае неколку години. Мотивот на нападот не е познат.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Казни за интернет платформите доколку не успеат да го спречат ширењето на лажни вести

*Австралија* објави дека ќе ги казни интернет платформите до пет отсто од нивниот глобален приход ако не го спречат ширењето на дезинформации.




Владата на **Албанезе** најави дека ќе ги принуди платформите да усвојат правила за работа за да се спречи ширењето лажни информации, кои ќе треба да бидат одобрени од регулаторите. Доколку не го задоволат тоа тело, регулаторот ќе си постави свои стандарди и потоа ќе ги казни компаниите доколку не ги следат насоките. Мерката, која ќе биде претставена во парламентот, ги има за цел *„лажните информации кои му штетат на изборниот процес или јавното здравје, повикуваат на прогон на групи или на поединци или претставуваат закана за инфраструктурата и службите за итни случаи*“. Овој потег е дел од пошироката регулаторна офанзива од жалбите дека странските компании го заобиколуваат суверенитетот на *Австралија*. Компанијата *„Meta Platforms*“, која е сопственик на социјалната мрежа *Facebook*, веќе објави дека ќе ја блокира содржината на вести доколку треба да плати авторски права, а *„X*“, некогаш позната како *Twitter*, ја укина регулативата за повеќето содржини откако ја презеде милијардерот **Илон Маск** во 2022 година.

*„Лажните информации и дезинформациите претставуваат сериозна закана за безбедноста и благосостојбата на Австралијците, како и за нашата демократија, општество и економија. Неактивноста и дозволувањето на овој проблем да тлее не е опција*“, рече министерката за комуникации **Мишел Роуланд**.

Претходната верзија на мерката беше критикувана во 2023 година за давање на австралиските власти премногу овластувања да одлучуваат што претставува лажна информација.

**Роуланд** рече и дека според новиот закон, медиумскиот регулатор нема да има моќ да брише содржина или да укине кориснички сметки. Новата верзија шири професионални вести, уметнички и религиозни содржини, рече таа. Нагласи дека четири петтини од Австралијците сакаат да се борат против дезинформациите. *Австралија* планира до крајот на годината да воведе нови закони кои ќе ги спречат децата да ги користат социјалните мрежи поради ризиците што ги претставуваат за нивното физичко и ментално здравје, изјави прајминистерот **Ентони Албанезе**.

Тој најави дека неговата влада ќе воведе пробен период во текот на следните неколку месеци што ќе бара од корисниците на социјалните мрежи да ја потврдат својата возраст.

INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Левица ќе поднесе кривична против Гаши за законот за бранители

Пратениците од Левица сакаат да му поднесат кривична пријава на претседателот на Собранието Африм Гаши зашто го прекршил Деловникот и не ја свикал Комисијата за социјална политика за предлог-измените на Законот за бранителите, откако тоа одби да го стори претседателката на работното тело Илире Даути.



И пратеничката група на СДСМ писмено побара отчет од собранискиот спикер зошто не закажува седница на Комисијата.

Се работи за измени што ги предложи пратеничката Славјанка Петровска (СДСМ) на законот донесен во 2002 а потоа менуван уште шест пати во годините понатаму. Една од измените е да се зголеми еднокрантиот надомест за инвалидност на 82 илјади евра.

– Не може комисија да не разгледува закон, тогаш нема ни комисија. Деловникот предвидел и заштитен механизам, односно во случај претседателот на комисијата да не закаже седница, тоа да го стори претседателот на Собранието. Гаши јавно кажа дека нема намера да ја закаже комисијата, го прекрши Деловникот по ставовите 123 и 126 и затоа ќе добие кривична пријава – рече пратеникот на Левица, Сашко Јанчев.

Пратеникот и претседател на Левица Димитар Апасиев изјави:

– Во случајов Гаши има правна одговорност додека ДПМНЕ има политичката одговорност, затоа што со ова се покажува зошто не треба партија со двајца пратеници да има спикер. Затоа што за секое вакво чкрипење, вие ќе треба да одите на „бакни рака" кај спикерот и тука политичката одговорност е кај овие 58 пратеници – смета Апасиев.

Од СДСМ му укажале на Гаши дека прави невиден преседан. Ова ќе значи дека во иднина кој било претседател на комисија може селективно да става закони и со тоа тие да заглават во Собранието. Интенцијата на социјалдемократите е писмена потврда од претседателот на Собранието за направениот преседан.

Премиерот Христијан Мицкоски изјави дека како партија даваат поддршка на бранителите и нивните интереси но дека не може да им нареди на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ како да гласаат. Со владиниот партнер „Вреди" не разговарале за законот, зашто тие пак побараа еднакви права како бранителите да имаат и поранешните припадници на УЧК.

Илире Даути од Алијанса (на чело со Сеља), која е дел од коалицијата „Европски

Reg. No. A0042461G
АХАМ BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Бељановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

фронт“ со ДУИ, дрско му одговори на Мицкоски дека не прима наредби од него.

– Премиерот треба да знае дека извршната власт нема право да се меша во законодавната власт, а камо ли премиерот. Напротив, Собранието може да дава наредби на владините функционери. Повторувам, додека не се обезбеди генерално решение што ги третира бранителите и борците на ОНА еднакво, тој закон нема да биде на дневен ред. Вашите наредби чувајте ги за „Вреди“ – кажа Даути.

# Камен-темелник на црква на МПЦ-ОА во Берлин



Минатата седмица во Берлин се осветија темелите на новата црква на Македонската православна црква - Охридска архиепископија во Берлин. Осветувањето го изврши Архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан во сослужение со Митрополитот на Европската епархија г. Пимен и Митрополитот на Тетовско-гостиварската епархија г. Јосиф со многубројно свештенство од Европа.

Пред многубројните верници се организираше и богата културно–уметничка програма со музичката група „Доминанта“ и Ангел Стојкоски, а настап имаше и фолклорниот ансамбл „Македонско сонце“ од Диселдорф.

Црквата „Свети Климент Охридски“ ќе биде од огромно значење за повеќе од 10 илјади македонски православни верници во Берлин и околината.

Планот за изградба на црква е на архитектот Елена Цонева и добиено е одобрение за градење од страна на надлежните институции во Берлин.

## ВО СОБРАНИЕТО ПОМИНА ЗАДОЛЖУВАЊЕТО КАЈ УНГАРСКАТА EXIMBANK, СЕ ЧЕКА „ДА ЛЕГНАТ“ 500 МИЛИОНИ ЕВРА ВО БУЏЕТОТ

Пратениците во Собранието (65 „за“, 15 „против“) го усвоија законот за задолжување на Македонија кај унгарската Експорт-импорт банка (поддржана од државата) за износ од 500 милиони евра. Следува договор на кој потпис треба да стават македонската и унгарската банка, а потоа набргу се очекува парите да легнат и на буџетската сметка.

Најверојатно договорот ќе се потпише следната седмица, за кога е најавена посета на Виктор Орбан во Македонија.

Заемот е со рок на отплата од 15 години од кои три се грејс-период. Каматната стапка е фиксна и изнесува 3.25%. Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни рати, на 15 февруари и 15 август секоја година.

Од тие 500 милиони 100 милиони се наменети за инфраструктурни проекти на општините, 250 милиони за кредити по поволни услови за малите бизниси во државата и 150 милиони за отплата на транша од претходните задолжувања.


A WORLD OF NATURAL STONE
MEMORIALS YOUR MEMORIES SHOULD LAST FOREVER
JOHN STONEMART



НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ од $4,250

ПРИВРЕМЕНА КУТИЈА ЗА СВЕЌИ $150



Метална кутија со пластична врата

(Ќе дадеме подобра цена од секоја претходна дадена во пишан договор. Под извесни услови.)*

ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ
ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН
ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ

310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896

UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966

STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

# Фирмите сè помалку ја користат железницата – за 5 години преполовен товарниот сообраќај

Во 2023 година биле превезени 817 илјади тони различни стоки преку македонската железница, а тоа е речиси двојно помалку од пред 5 години, кога биле превезени 1.679.000 тони, покажува извештајот на Агенцијата за железничкиот сообраќај, кој треба да го разгледаат пратениците во Собранието. Таа состојба се пресликува и во поминатите километри на товарните вагони: во 2018 година биле остварени 589.000 возни километри во товарниот сообраќај, а во 2023 година се остварени 271.000.

## ШТО СЕ ПРЕВЕЗУВА ПРЕКУ ЖЕЛЕЗНИЦАТА?

Металната индустрија најмногу ја користи железницата. Минатата година 348.017 тони (42.6% од целиот товарен железнички транспорт) биле метали или метални производи со исклучок на машини. На второ место е опрема и материјали што се користат во транспорт на стоки и биле испорачани 294.913 тони. На трето место е испораката на кокс и производи од рафинирање на нафта - 98.398 тони. На четврто место по испорака преку железница е сè она што може да се смета како дел од ставката хемикалии, хемиски производи, вештачки и синтетички влакна, производи од гума и пластични маси. Годишната испорака била 41.377 тони. На петтото место се прехранбени и тутунски производи и пијалаци. Лани, преку железницата биле испорачани 13.201 тон.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors

РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ
- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals
- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

## Блаже Миневски за романот „Ако се родат некакви чувства“ ја освои годишната награда на ДПМ за најдобра прозна книга



Друштвото на писатели на Македонија ги објави добитниците на годишните награди за најдобри изданија во 4 категории, објавени минатата година.

Блаже Миневски ја понесе наградата „Стале Попов“ за најдобра прозна книга за романот „Ако се родат некакви чувства“, издание на „Матица македонска“. За овој роман Миневски годинава го доби и „Рациновото признание“.

Романот на Блаже Миневски „Ако се родат некакви чувства“ е историографска метафикција. Тоа роман за Гоце Делчев и за неговата љубена Јанка Каневче. Неколку месеци пред убиството во Баница му оставил аманет на својот пријател Михаил Герџиков: ако Гоце загине, Јанка да се омажи за Михаила, но само ако се родат некакви чувства.

Наградата „Ацо Шопов“ за најдобра збирка поезија во 2023 ја доби Зоран Анчевски за стихозбирката „Коњски житија“, издание на „Арс Ламина“.

Наградата „Ванчо Николески“ за најдобра книга за деца и млади оди во рацете на Билјана Црвенковска за книгата-пиеса „Земја на заборавените приказни“, објавена од „Чудна шума“.

Наградата „Димитар Митрев“ за најдобра книга со критики или есеи ја делат Лидија Капушевска-Дракулевска и Влада Урошевиќ, за објавата „Птици во аквариум: надреализам, 1924- 2024“ – издание на „Полица“.

### ПАД НА ВРЕДНОСТА НА ЈАГЛЕНОТ И ЖЕЛЕЗОТО:

# Милијарди исчезнаа од буџетот на Комонвелтот



Како што паѓаат цените на железната руда, Австралијците би можеле да се соочат со зголемување на даноците и намалување на услугите како што исчезнува побарувачката за нашите рудни ресурси. Слабите цени на суровините би можеле да нанесат удар од $4.5 милијарди долари на буџетот од Комонвелтот, предупреди државниот благајник **Џим Чалмерс**.

Извозот на железна руда и јаглен значително падна минатата година поради слабото производство на челик во *Кина* и се помалата побарувачка за термички јаглен. *„Годинава на пазарот на суровини, особено кога зборуваме за железна руда и јаглен, има пад од околу 40 отсто"* - изјави **Чалмерс** на новинарите во неделата *„Кога паѓаат цените на суровините како што тоа сега се случува, е навистина знак за глобална економска несигурност, ризик и променлива глобална економија. Знаеме дека е успорен растот на Кина и знаеме за загриженоста од рецесија во САД, како и за тоа што две третини од земјите на ОЕЦД веќе бележат негативен квартал, или уште полошо од тоа"*. Според него глобалната економска неизвесност во комбинација со *„трајните ценовни притисоци"* и високите каматни стапки со кои се соочуваме ја успоруваат домашната економија. Но ризницата на Комонвелтот исто така е во опасност, рече државниот благајник *„Кога паѓаат цените на суровините тоа влијае на нашата економија, но и на нашиот буџет. Сценариото кое го следи државната ризница и врз основа на тоа се предвидува загуба од околу $4.5 милијарди, за буџетот на Комонвелтот тоа е последица на пониските цени на суровините"*.

Податоците за националните сметки објавени минатата среда покажаа економски раст од слаби 0.2% за јунскиот квартал или 1% сезонски по прилагодувањето за период од една година. Австралиската канцеларија за статистика изјави, падот на цените на суровините придонел за овој слаб резултат. *„Цените на рудата паѓаат веќе втор квартал по ред, што е последица на намалената глобална побарувачка за железна руда и јаглен"*.

Владата на **Албанезе** откако дојде на власт забележи два буџетски суфицита благодарение на високите цени од извоз на јаглен и железна руда. Но, **Чалмерс** сега нагласи владата „не е имуна" на падот на цените на суровините. Железната индустрија во *Кина* успорува поради проблемите во нивната градежната индустрија и секторот за недвижнини, кои сочинуваат околу две третини од вкупната активност на земјата.

Државниот ризничар од сенка **Ангус Тејлор** го критикуваше **Чалмерс**, велејќи неговата политика предизвикува економски проблеми во земјата и високи трошоци за живот. *„Доколку лабуристите се бореа како што треба против инфлацијата кога дојдоа на власт, тогаш ќе видовме побрзи резултати со пад на инфлацијата, а економијата ќе беше во посилна позиција за раст сега без инфлација"* - изјави тој.

*„Работата е навистина едноставна, тие целосно не успеаја да го направат тоа што рекоа дека ќе го направат. Целосно потфрлија, лабуристите немаат вистински алатки за овие времиња. Тие има само еден одговор, а тоа е постојано да печатат пари и да ги фрлаат за прикривање на проблемот"*.




# Обид за убиство во Кочани - напаѓачот е фатен и приведен

На 13-ти септември во вечерните часови се случил обид за убиство во *Кочани*. Имено осомничениот 24-годишен кочанчанец се договорил со 38-годишен негов сограѓанин да се најдат на паркинг просторот кај Споменикот на слободата во *Кочани*, заради купопродажба на мобилен телефон. Осомничениот влегол во возилото на оштетениот, па започнал да разговара со него и да го разгледува телефонот. По кратко време од џебот



извадил нож и му задал удар во витален дел од главата и вратот под брадата, нанесувајќи му отворена рана од околу 2 до 3 сантиметри. Ножот се скршил, а осомничениот продолжил со дршката да го удира.

Нападнатиот успеал да му ја фати раката, по што напаѓачот побегнал од возилото.

На 14-ти наутро, на граничниот премин *„Табановце"*, напаѓачот е фатен и приведен, а полицијата му поднесе кривична пријава за обид за убиство.

Поради опасност од бегство и можноста да влијае на текот на кривичната истрага, судија во претходна постапка му одреди мерка притвор во траење од 30 дена.

# Жител на кумановско село спроведен на 6 години затвор поради кражба на струја

МВР информира дека полициски службеници го привеле **И.Љ.**(46) од с. *Черкези, Кумановско*, кој бил баран по потерница врз основа на наредба од Основен суд Куманово за издржување на казна затвор од 6 години за сторено кривично дело *„кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас"* по член 235-а од Кривичниот законик.

**И.Љ.** бил спроведен во Казнено–поправната установа затвор *Куманово* (во село *К'шање*) за издржување на казната.



# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерей ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## ЛАЈЛОР НОРТ ПРАЈМАРИ ОД МЕЛБУРН ОДБЕЛЕЖА ЈУБИЛЕЈНА 40 ГОДИШНИЦА:

# Школо каде се негува македонскиот јазик и традиција









Минатава среда во театарската сала на *Plenty Ranges Arts & Convention Cetre* во *Саут Моранг* учениците од македонската програма во *Lalor North Primary School* организираа прослава по повод 40-та годишнина на двојазичното образование.

Основното училиште *„Лајло Норт"* е државно училиште со долга образовна традиција и е едно од само 12-те училишта со двојазична наставна програма во *Викторија*. Во ова училиште наставната програма се изведува на англиски и на македонски јазик уште од 1984 година.

Учениците во *„Лајло Норт*", почнувајќи од подготвителната паралелка до шесто одделение учат да читаат, да пишуваат, математика и музика на англиски и на македонски јазик.

Англиско-македонската двојазична програма при *ОУ „Лајло Норт*" има големо значење за македонската заедница во северните предградија на *Мелбурн* бидејќи е единствена од ваков карактер. Наставата реализирана на македонски јазик во ова училиште не само што придонесува да се негуваат култу-

рата и јазикот, туку и да се одржи нивниот идентитет, културно наследство и традиции. Содржински базираната настава е слична со онаа во *Македонија*, а учениците поминуваат од 7.5 до 12 часа неделно учејќи македонски јазик покрај англискиот.

Повеќето ученици што го изучуваат македонскиот јазик и припаѓаат на втората и третата генерација Македонци во *Австралија*.






ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

**ТРАМП:**

# Доколку бидам повторно избран, САД одлично ќе се сложуваат со Кина и Русија



*САД* добро би се сложувале со *Русија* и *Кина* под мое водство, доколку победам на претстојните претседателски избори. Токму тоа го изјави поранешниот, а можеби и идниот американски претседател, во интервју со американскиот блогер **Фарук Сармад**.

*„Постојат надворешни сили, меѓу кои има и непријатели. Ги нарекувате Русија, Кина и други. Не знам дали тие се нашите непријатели. Мислам дека ќе се сложуваме многу добро со Кина. Мислам дека ќе се разбереме многу добро и со Русија*", рече републиканскиот кандидат и додаде дека сака да ја натера *Русија* да го прекине конфликтот во *Украина*.

Тој додаде дека ако победи на изборите, има намера да го реши конфликтот во *Украина* уште пред инаугурацијата, која ќе се одржи на 20 јануари.

*„Сакам ова да се направи пред да ја преземам Овалната соба. Сакам тоа да се случи додека сум новоизбран претседател, бидејќи овој конфликт треба да се реши*", рече **Трамп**.

Тој претходно изјави дека на *САД* не им треба воен конфликт со *Русија* и дека оние кои гласаат за кандидатката на Демократската партија за претседател на *САД*, **Камала Харис**, гласаат токму за тоа.

# Инспекторите го бараат мотивот за новиот обид за атентат врз Трамп

Американските истражители ги разгледуваат социјалните мрежи и другите објави на осомничениот за последниот очигледен обид за атентат на поранешниот претседател **Доналд Трамп**, обидувајќи се да утврдат мотив и дали некој друг можеби бил вмешан.

Замениците на шерифот во *Флорида* го уапсија 58-годишниот **Рајан Весли Рут**, запирајќи го на главниот автопат доцна во неделата, откако побегна од теренот за голф на поранешниот претседател во *Вест Палм Бич, Флорида*. Официјалните лица рекоа дека податоците собрани од мобилниот телефон на **Рут** покажале оти тој наоружан чекал 12 часа, криејќи се во грмушки покрај оградата на голф теренот.

**Рут** е обвинет за поседување огнено оружје како осуден криминалец и поседување огнено оружје со избришан сериски број.

Но, официјалните лица рекоа дека кога истражителите на *ФБИ* се обиделе да разговараат со **Рут** по неговото апсење, тој се повикал на своето право на адвокат и не зборувал.

*ФБИ* се фокусира на добивање наредби за претрес на камерата и други електронски уреди за кои се тврди дека осомничениот ги оставил на местото на настанот, како и за неговото возило и за електронски уреди оставени на претходните адреси на осомничениот.

*„Субјектот имал активно присуство на Интернет, а ние поминуваме низ она што тој го објавил и сите пребарувања што ги направил на Интернет*", рече специјалниот агент на *ФБИ* **Џефри Велтри**.

Тој рече дека внимателно се следат и другите изјави што осомничениот ги дал во текот на годините, вклучително и интервјуа што ги давал

***продолжува на стр. 14***

***продолжение од стр. 13***




за медиуми за обидот да регрутира авганистански војници и други да се борат во *Украина*. Во самообјавената книга, од 2023 година, **Рут** го охрабри *Иран* да го убие поранешниот претседател. *„Слободно можете да го убиете **Трамп**"*, напишал тој, опишувајќи го поранешниот претседател и актуелен републикански претседателски кандидат како „будала".

*„Немаме информации дека тој дејствувал со некој друг во моментов"*, изјави **Велтри** од *ФБИ*.

Но, во коментарите за *„Фокс Њуз"*, **Трамп** се чини дека дел од вината ја префрли на претседателот **Бајден** и демократската претседателска кандидатка, потпретседателката **Камала Харис**.

*„Нивната реторика предизвикува обиди за атентат врз мене, а јас сум тој што ќе ја спаси земјата, а тие се оние што ја уништуваат земјата - и одвнатре и однадвор"*, рече **Трамп**.

Лидерите на конгресната двопартиска работна група, која го истражува обидот за атентат врз **Трамп** на 13 јули, рекоа дека побарале брифинг од Тајната служба за инцидентот во неделата.

*„Благодарни сме што поранешниот претседател не беше повреден, но остануваме длабоко загрижени за политичкото насилство и го осудуваме во сите негови форми"*, рекоа во соопштението конгресмените **Мајк Кели**, републиканец од Пенсилванија и **Џејсон Кроу**, демократ од *Колорадо*.

# Украина ја повика меѓународната заедница да не ја поврзува со новиот обид за убиство на Трамп

Украинското Министерство за надворешни работи ја повика меѓународната заедница да се воздржи од вештачко поврзување на **Рајан Весли Раут**, осомничениот за атентат на американскиот претседателски кандидат **Доналд Трамп**, со *Украина*, и покрај тоа што **Раут** ја поддржувал *Украина* во војната против *Русија*, изјави портпаролот на украинското Министерство за надворешни работи **Георгиј Тихи**.

*– Да, од вестите гледаме дека осомничениот јавно ја поддржувал Украина во минатото. Но, во САД има стотици милиони луѓе кои ја поддржуваат Украина. И очигледно тоа е разновидна група на луѓе. Ги повикуваме сите да се воздржат од поврзување на акциите на осомничениот со Украина*, рече тој.




**Тихи** истакна дека *Украина* силно го осудува овој *„криминален чин и сите форми на политичко насилство"*.

*– Драго ни е што осомничениот беше приведен толку брзо и сакаме да истакнеме дека тој нема врска со украинските државни институции и дека никогаш не се борел за Украина како дел од Меѓународната легија или други единици на вооружените сили*, рече портпаролот на украинското Министерство за надворешни работи.

# ЅВЕЗДАТА ОД СЕРИЈАТА „МЕНТАЛИСТ" УАПСЕН ПОРАДИ ВОЗЕЊЕ ВО ПИЈАНА СОСТОЈБА




Австралискиот актер и главна ѕвезда на The Mentalist, Сајмон Бејкер беше уапсен поради возење под дејство на алкохол  и минатава седмица судот ја изрече неговата пресуда. Актерот неодамна пред судот призна дека возел пијан во родната Австралија во јули оваа година, а соработката со полицијата и судот го ослободила од затворска казна, пренесува People.

Имено, на 20 јули, во утринските часови, актерот бил запрен во заливот Бајрон бидејќи се превртел преку централната линија додека возел автомобил Тесла. Странските медиуми тогаш објавија дека Бејкер бил нестабилен на нозе и имал нејасен говор, насолзени црвени очи и мирис карактеристичен за оние кои консумирале алкохолни пијалоци.

Бејкер, кој во тој момент бил сам во автомобилот, исто така признал дека испил четири чаши вино со вечерата околу 18 часот. Тој неодамна се изјасни за виновен за возење со концентрација на алкохол во крвта од повеќе од 0,05% во локалниот суд во Мулумбимби.

Бидејќи ова му е прв прекршок на актерот и изрази каење, тој беше пуштен со кауција и условна казна од девет месеци. Исто така, на судот му беше кажано дека Бејкер завршил програма за рехабилитација за прекршителите на сообраќајот.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК



www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

*Австралиско* Македонски* Неделник*

Edition No. 1832 Year 37 • Tuesday, 17 September 2024 • Price $4.00 inc GST



АВСТРАЛИЈА ГИ ЗАБРАНУВА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ЗА ДЕЦАТА

МПЦ ПОВЕЌЕ НЕ ЧЕКА ТОМОС ОД ВСЕЛЕНСКАТА ПАРТИЈАРШИЈА

СЕ ПОСТРОИ ЗАД МОСКВА

ЛАЈЛОР НОРТ ПРАЈМАРИ ОД МЕЛБУРН ОДБЕЛЕЖА ЈУБИЛЕЈНА 40 ГОДИШНИЦА:

ШКОЛО КАДЕ СЕ НЕГУВА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И ТРАДИЦИЈА

СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА:

„ВО СОФИЈА СЕ СРЕТНАВМЕ ТАТКОТО НА ЕДНА НАЦИЈА И МАЈКАТА НА ДРУГА НАЦИЈА..."

ДОКОЛКУ НА УКРАИНА Й СЕ ДОЗВОЛИ ДА НАПАДНЕ

БАЈДЕН ГИ ОТФРЛА ПРЕДУПРЕДУВАЊАТА НА ПУТИН ЗА ВОЈНА СО ЗАПАДОТ

СЕ ОТКРИВА НОВА АФЕРА ТЕШКА ДЕСЕТИЦИ МИЛИОНИ ЕВРА: ДАНОЧНИ ЗАТАЈУВАЊА, ДИЈАМАНТИ, КЕШ...



# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ









### МАКЕДОНСКИ КУП ВО ВИКТОРИЈА 2024:

# Престон Македонија го освои купот во машка и женска конкуренција



Минатите сабота и недела (14-15 септември) се одржа Македонскиот куп во Викторија. Домаќин на настанот оваа година беше Лајло Јунајтед Слога. На него учество зедоа екипите на: Престон Македонија, Алтона Маџик Вардар, Сиднам Парк Македонија, Џилонг Македонија, Пленти Вали Лајонс, Кило Волци, Шепартон Македонија и домаќинот Лајло Јунајтед Слога.

Финалните средби се одржаа во неделата и во нив најуспешни беа екипите на Престон Македонија кои ги освоија пехарите со првиот тим во машка конкуренција но и со женската екипа. Сиднам Парк Македонија беше најуспешен со подмладокот и во финалето ја совладаа Алтона Маџик Вардар со 1:0. Кај ветераните победи екипата на Шепартон Македонија која играше нерешено со Сиднам Парк Македонија но беше поуспешна на изведувањето пенали.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со
Миле Унчевски
на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian
Orthodox Community
24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, ФИНАЛЕ

# Бродмедоу маџик е шампион






Минатиов викенд Бродмедоу Маџик се закити со шампионската титула со победа на пенали во големото финале над Еџворт. Со ова ги спои двете титули за 2024: како првак на сезоната и сега шампион во големото разигрување помеѓу четирите екипи што завршија во горниот дел на табелата.

Средбата беше интересна и незвесна до самиот крај. Еџврот прв дојде до гол во 56 минута преку Арон Опедисано за 0:1. Малку пред тоа Бродмедоу Маџик остана со играч помалку кога во 49 минута Александар Роуз доби црвен картон. Со играч помалку и издржа нашиот тим 12 минути кога Ексан-дер Воверис заслужено доби црвен катон и Еџврот се намали на десет играчи на теренот. Во 85 минута Бејли Велс изедначи на 1:1.

Започна продолжение во кое веднаш Еџврот постигна гол преку Ван Харен за 1:2. Кога се играа последните моменти и се очекуваше судијата да отсвири крај Џејмс Креснар изедначи на 2:2.

На изведувањето пенали Бродмедоу беше поуспешен и се редеа головите на Стјувардсон, Бенсон, Кампер и Бикам за победа од 4:3.

## ФУДБАЛЕРИТЕ ГО КРЕВААТ ГЛАСОТ:

## „АКО ВАКА СЕ ПРОДОЛЖИ, ЌЕ СТАПИМЕ ВО ШТРАЈК“

Неделава и официјално започна новата сезона во Лигата на шампионите во Европа, а главната тема деновиве е зголемениот број натпревари во годината, кој се зголемува од 125 на 189. Дополнително, следното лето (на северната хемисфера) ќе се игра и Светското клупско првенство со 32 екипи, па фудбалерите на најдобрите екипи веќе почнаа да го креваат својот глас, па дури и се најавува штрајк.

- Прашајте кој било фудбалер и ќе ви го каже тоа. Ако се продолжи вака, нема да имаме друг избор. Мислам дека ова е премногу. Некој мора да се грижи за нас бидејќи ние сме дел од овој спорт или бизнис, како и да го наречете. Не е се во парите и маркетингот, важен е и квалитетот на шоуто. Халанд имаше долга пауза бидејќи неговата земја не се пласира на ЕП и сега гледате каков е. Тоа е најголем доказ за ова што го зборувам. Мислам дека помеѓу 40 и 50 натпревари е максимумот за еден фудбалер, рече играчот на Манчестер сити, Родри.



# Федерер има голем финансиски проблем – Надал и Ѓоковиќ се „виновни“ за тоа!

Еден од најдобрите тенисери во историјата, Роџер Федерер, кој ужива во пензија и ја користи можноста да патува и да ги прошири своите бизнис активности, во моментов се соочува со сериозни финансиски тешкотии поврзани со турнирот „Лејвер куп“, чиј основач е самиот.

Тешките времиња доведоа до драстично зголемување на цените на билетите за овој настан, па според шпанска „Марка“ најевтините билети сега чинат 300 евра, додека најскапите достигнуваат дури до 4.500 евра. Ланското издание на „Лејвер купот“ заврши со загуба од 1.8 милиони евра, а овогодинешниот турнир се очекува да биде во минус за 1.5 милиони евра. Зголемувањето на цените на билетите само ја влоши ситуацијата, предизвикувајќи пад на интересот кај навивачите.

Една од главните причини за финансиските проблеми на Швајцарецот е неиграњето на најголемите тениски ѕвезди на денешницата. Рафаел Надал ненадејно се повлече, што налути многу фанови бидејќи тие купиле скапи билети првенствено поради неговото учество. Шпанецот објасни дека не е повреден и дека решил да му го отстапи местото на друг тенисер кој е во подобра фопрма за да му поогне на Тимот Европа, но многумина веруваат дека тоа е само изговор.

Новак Ѓоковиќ, кој претходно беше клучен играч на турнирот во 2022 година, исто така одлучи да не учествува оваа година. На негово место на теренот ќе се појави Григор Димитров кој ќе им се придружи на Каспер Руд, Стефанос Циципас, Карлос Алкараз, Александар Зверев и Данило Медведев. Од друга страна, Тимот Свет е предводен од Џон Мекинро, а во составот се Алехандро Табиљо, Алекс де Минор, Тејлор Фриц, Бен Шелтон, Томи Пол и Френсис Тиафо.

„Лејвер купот“ годинава ќе се игра во Берлин од 20 до 22 септември и е седмо издание на турнирот што Федерер го започна со своите деловни партнери. (Спорт1)

# „Македонијо, ова е за тебе“ – Иџе победи на Европскиот шампионат на ридски патеки во Групата 1




„Летачкиот Македонец“, Игор Стефановски-Иџе со победа ја заокружи својата тркачка сезона за оваа година.

Тој минатиот викенд во Хрватска ја возеше последната трка од шампионатот кој започна на крајот од април во Австрија. На оваа трка заврши трет, а во генералниот пласман на Европскиот шампионат на ридски патеки, во Група 1 го освои првото место, по извозени 10 трки низ цела Европа, и тоа низ Австрија, Португалија, Шпанија, Италија, Германија...

Оваа година Иџе се тркаше со автомобилскиот ѕвер - „ферари 488 В8“, специјално дизајниран за овие патеки. Стефановски е победник во Европскиот шампионат на ридски патеки, во Група 1.

- Благодарност до сите кои беа со мене низ овој пат. Благодарност до мојот неверојатен тим, тимот на „Ферари“, до моите спонзори, до сите вас кои ни давате безрезервна поддршка. Овој успех, не е само мој, туку на цела Македонија“, изјави Стефановски.



Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски Денес
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X



# ФОРМУЛА 1: ПЈАСТРИ ПОБЕДНИК НА ТРКАТА ЗА ГОЛЕМАТА НАГРАДА НА АЗЕРБЕЈЏАН

Возачот на Мекларен, Оскар Пјастри во недела победи на трката во Формула 1 за Големата награда на Азербејџан. Австралиецот со триумфот на патеката во Баку стигна до втората победа во кариерата.

Трката заврши под виртуелно безбедносно возило, откако Карлос Саинц од Ферари и Серхио Перез од Ред Бул се судрија во 50 круг.

Второто место го освои Шарл Леклер од Ферари, додека трет беше Џорџ Расел од Мерцедес. Возачот на Мекларен Ландо Норис го освои четвртото место, петти беше актуелниот светски шампион Макс Верстапен од Ред Бул, а шестата позиција ја освои пилотот на Астон Мартин, Фернандо Алонсо.

Возачот на Вилијамс, Александар Албон, го освои седмото место, а осми беше неговиот тимски колега Франко Колапинто. Бодови освоија и Луис Хамилтон од Мерцедес и Оливер Берман кој вози за тимот на Хаас.

Верстапен го држи првото место во генералниот пласман кај возачите со 313 бодови, додека Норис е втор со 254. Првото место кај конструкторите моментно го има Мекларен со 476 бодови, додека Ред Бул е втор со 456.

Следната трка во Ф1 шампионатот ќе се вози на 22 септември за Големата награда на Сингапур.

